**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, по скратена постапка |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | М-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | __.03.2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

- Кои се главните проблеми?

Патната инфраструктура е од огромно значење за економскиот пораст, за мобилизирање на работната сила и исто така за конкурентност во меѓународната дистрибуција на транспортни активности, а воедно претставува еден од клучните фактори кои значително влијаат врз економскиот развој. Регионалната главна транспортна мрежа се смета за една од најважните политики за стабилност и економски просперитет на Југоисточна Европа.

Низ територијата на Република Македонија, Коридор 10 е во согласност со националниот пат М - 1 (меѓународна ознака Е-75), кој поминува во правец Север-Југ.

Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица е голем проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од 28км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници и патни јазли. Овој проект, според подготвениот основен проект изнесува околу 245 милиони евра и неговото финансирање ќе се врши од повеќе извори: грант средства од Европска Унија преку ИПА, заем од Европската инвестициона банка, заем од Европската банка за обнова и

развој (ЕБОР) и средства од Буџетот на Република Македонија.

●Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Република Македонија преку ова задолжување обезбедува дел од потребните финансиски средства за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, во висина од 107.000.000 евра. Проектот ќе се реализира во две компоненти:

1. Изградба на автопат на Коридор X од Демир Капија до Смоквица, и
2. Изградба и инсталација на електронски систем на патарини.

Во рамките на првата компонента, се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28км.

Во рамките на втората компонента, се предвидува модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четирите нови наплатни станици на Коридор X.

Донесувањето на Предлогот на закон е услов за склучување на Договорот за заем меѓу Република Македонија и ЕБОР по Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем, утврдена во Законот за јавен долг (“Службен весник на Република Македонија“бр. 62/05 и 88/08).

Со Договорот за заем, Република Македонија се задолжува кај ЕБОР со заем во износ од 107.000.000 евра, наменет за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица.

Предлогот на закон претставува генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем меѓу ЕБОР и Република Македонија.

●Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

•Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за финансиските услови на задолжување, начин и рок на отплата на заемот, надлежна институција која ќе го спроведува проектот.

•Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

•Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

•Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

•Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

04.02.2011 година.

•Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

•Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На __.02.2011 година.

Г. Ресурси

-Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**
   Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица е голем проект со кој се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28км, во согласност со Европските стандарди, со што ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија. Заради комплексноста на теренот на кој ќе се извршуваат градежните работи, Проектот е оценет како доста сложен и опфаќа изградба на неколку големи објекти од типот на мостови, тунели, надпатници и патни јазли. Овој проект, според подготвениот основен проект изнесува околу 245 милиони евра и неговото финансирање ќе се врши од повеќе извори: грант средства од Европска Унија преку ИПА, заем од Европската инвестициона банка, заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и средства од Буџетот на Република Македонија.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**
   Република Македонија преку ова задолжување обезбедува дел од потребните финансиски средства за реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, во висина од 107.000.000 евра.

   Проектот ќе се реализира во две компоненти:

   1. Изградба на автопат на Коридор X од Демир Капија до Смоквица, и
   2. Изградба и инсталација на електронски систем на патарини.

   Во рамките на првата компонента, се предвидува изградба на нова модерна автопатска делница Демир Капија – Смоквица, во должина од околу 28км. Со автопатското решение на проектот ќе се постигне изградба на модерна делница, во согласност со Европските стандарди, и со тоа ќе се комплетира главната оска од Коридор X која поминува низ Република Македонија.

   Во рамките на втората компонента, се предвидува модернизација на системот за наплата на патарина на постојните наплатни станици и изградба и опремување на четири нови наплатни станици на Коридор X.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

   Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица со цел пристапување кон потпишување на Договор за заем и отпочнување со имплементација на проектните активности.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):** Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија - Смоквица.

**Опис:** Износот на заемот е 107.000.000 евра. Законот ќе даде генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем меѓу ЕБОР и Република Македонија.

1. **Трошоци**

•Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

•Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. НЕ

2. **Придобивки**

•Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Вкупните финансиски придобивки изнесуваат 107.000.000 евра.

•Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

> Со обезбедување на ефикасна инфраструктура ќе се придонесе за намалување на трошоците на возење и заштеда на време преку олеснување на протокот на возила. Обезбедувањето на хомогена инфраструктура ќе има позитивно влијание и на меѓународниот проток на возила и трговската размена, како и транзитирањето низ земјата. Со доизградбата на оваа алка во должина од околу 28 км, ќе се обезбеди поврзување на главните урбани, индустриски и трговски центри долж Коридорот X во рамките на регионот и пошироко во Европа. Дополнително, ќе се подобри наплатата на патарините во функција на зголемување на обемот на приходи на Агенцијата за државни патишта и нивно користење за подобрување на нивото на одржување на патната мрежа.

3. **Ризици и претпоставки**

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | **Резултати приложени во материјалот** | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

При подготовката на Предлог законот за задолжување, направени се консултации со Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за државни патишта и Секретаријатот за законодавство.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:** Донесување на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   Андрија Алексоски, помошник раководител на Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

   Ана Вељановска, раководител на одделение, Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

   Ана Димитриевска, помлад соработник во Сектор за усогласување со ЕУ и меѓународни финансии, Министерство за финансии

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

   Елена Кузмановска, државен секретар, Министерство за транспорт и врски
   Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| | Има влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| | Нема влијание | врз животната средина. |
| | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 03.03.2011 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | |
| | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| | Предлог законот е лекториран. | ДА |
| | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Зоран Ставрески, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на Заменик претседател на Влада
и министер за финансии:

................................................................................ Датум:

Подготвил: Ана Димитриевска/Ана Вељановска
Согласен: Андрија Алексоски
Одобрил: Сузана Пенева